РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1446/11
08-05-2023
(2020)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 85-та седница одржана на ден 12.04.2023 година донесе

ОДЛУКА

Постапката на ДКСК по предмет број 08-2445/1 од 16.04.2019 година, оформен по доставена пријава, за проверка на вистинитоста на податоците од анкетниот лист на _____, судија на _____, СЕ ЗАПИРА.

Нема елементи за натамошно надлежно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот број 08-2445/1 од 16.04.2019 година за проверка на вистинитоста на податоците од анкетниот лист на _____, судија на _____ е оформен по понесена пријава.

ДКСК од _____ прибави податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

За имотот на _____ и за имотот на членовите на неговото семесјтво, ДКСК прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на РСМ.

По споредување на податоците, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека _____ по пат на наследство се стекнал со дел од недвижен имот запишан во Имотен лист број 101658 за КО Чајле, Имотен лист број 101659 за КО Чајле, Имотен лист број 101955 за КО Чајле, Имотен лист број 101957 за КО Чајле, Имотен лист број 101958 за КО Чајле, Имотен лист број 98506 за КО Гостивар – 1, Имотен лист број 4606за КО Гостивар-2, Имотен лист број 1862 за КО Маврово и Имотен лист број 928 за КО Маврово.

Со оглед на тоа што за стекнувањето на сопственоста на дел од недвижниот имот запишан во наведените имотни листови именуваниот не поднел образец за пријавување на промена на имотната состојба согласно со член 85 од Законот за

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr31, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

спречување на корупцијата и судирот не интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата му издаде прекршочен платен налог.

Со оглед на тоа што од страна на именуваниот не е постапено по прекршочниот платен налог, ДКСК се обрати до општините Гостивар и Маврово и Ростуше за прибавување на податоци за проценетата вредност на наведениот недвижен имот.

Од страна на општина Гостивар е известено дека Општината врши проценка на имот само за потребите на општина Гостивар.

Од страна на општина Маврово и Ростуше е известено дека имајќи во предвид дека во конкретниот случај се работи за наследно решение кое не подлежи на данок Општината не располага со утврдена пазарна вредност на наследениот недвижен имот.

Со оглед на фактот што ДКСК не може да обезбеди податоци за вредноста на наведениот недвижен имот, не е во можност да покрене прекршочна постапка пред прекршочната комисија во ДКСК имајќи во предвид што согласно со член 85 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси пријавувањето на промената на имотната состојба е предвидено доколку имотот се зголеми во вредност поголема од 20 проечни нето плати.

Во меѓувреме, ДКСК до лицето _____ достави укажување за неопходноста во најкус можен рок да ги пријави промените на имотната сотојба кои што се настанати врз основа на наследство на наведениот недвижен имот.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил:А.Ч.
Одобрил: м-р Владимир Георгиев,член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска